Макпромет АД Штип
Деловоден број
0202-439
23.06.2017

Годишно собрание

Врз основа на член 480 став 2 и 3 од Законот за трговски друштва неизвршните членови на Одборот на директори при Макпромет АД Штип, до Собранието на акционери на друштвото доставува:

**И З В Е Ш Т А Ј**

Согласно Законот за трговски друштва неизвршните директори на Макпромет АД Штип, по добивањето на завршните сметки, годишниот извештај и ревизорскиот извештај, како и предлог одлуката на извршните директори за употреба на чиста добивка и покривање на загуба, изврши контрола на работењето на друштвото за 2016 година .

Контролата беше извршена преку непосреден увид во годишните сметки, финансискиот извештај и ревизорскиот извештај за 2016 година како и непосреден увид во книговодствената евиденција која се води во друштвото.

Резултатите од работењето на друштвото по годишните пресметки за 2016 година, се со следните показатели:

- Европа ДООЕЛ покажува добивка од 10.862.266,оо денари
- Жито леб ДООЕЛ покажува загуба од 2.761.433,оо денари
- Илинден 2002 ДООЕЛ покажува добивка од 10.868.938,оо денари
- Макпромет АД покажува добивка од 3.059.996,оо денари

Годишната пресметка на Макпромет АД Штип и друштвата основани од него до надлежните институции и тоа Централен Регистар на РМ како и УЈП подрачна единица Штип.

Одборот на директори изврши проверка на годишната сметка и финансискиот извештај и годишниот извештај како и на предлог одлуката за распределба на остварената добивка и начинот на покривање на загуба .

Преку овие извештаи се оцени дека Макпромет заедно со друштвата основани од него во 2016 година оствариле резултати од своето работење кои во однос на 2015 година се подбри. Ваквото нешто се должи на превзените економски мерки од страна на Одборот на директори за инвестициони вложувања за доопремување на објектите и основните средства за работа и општата економска состојба во кое се наоѓа стопанството.

Неизвршните членови на одборот на директори анализирајќи ги доставените извештаи оцени дека истите се веродостојни и реално и објективно го прикажуваат работењето на друштвото во сите свери во текот на 2016 година.

Членовите на Одборот на директори предлагаат собранието на акционери на друштвото на својата годишна седница да ги усвои годишната сметка, финансискиот извештај и годишниот извештај за работењето на друштвото за 2016 година и да ја прифати и усвои одлуката за распределба на добивката и покривање на загуба.

Неизвршни членови на
Одбор на директори на
Макпромет АД Штип
1.Атанасов Миле
---------------------------------
2. Горгиева Ленче